КИРМ
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 68 од Законот за извршување ( “Службен весник на Република Македонија” бр.35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10,171/10 и 148/2011), Управниот одбор на Комората на извршители на Република Македонија, по повод предлог –мислењата на Стручниот совет на КИРМ од ден 08.05.2013 година, на деведесеттата седница одржана на ден 28.06.2013 година, **го** усвои следното

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 1259-2
28.06 2013 год.
СКОПЈЕ

## ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

Согласно чл 19 од Законот за извршување, побарувањето или обврската може да премине на друг доверител односно должник ако тоа лице не е означено како доверител односно должник во извршна исправа само ако доверителот односно должникот приложи исправа која е јавна или според закон заверена исправа –заверен потпис ( Закон за вршење на нотарски работи) .

Доволен доказ за извршителот за премин на побарување односно обврска е изјава или договор што се докажува со јавна или според закон заверена исправа ( Закон за вршење на нотарски работи) .

Доколку станува збор за исправа со која се врши исправка на технички грешки во имиња или презимиња, во таков случај не станува збор за пренос на побарување туку станува збор за исправа со која се врши исправка на извршната исправа.

Комора на извршители
Претседател на Управен одбор ,
Гордан Станковиќ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Бул. „ Илинден “ бр. 60/2-2 Скопје
Тел: 02 3225 674 Факс: 02 3239 877
e-mail: izvrsitelinarm@yahoo.com